# СООПШТЕНИЕ ЗА ЈАВНОСТ

Регулаторната комисија за енергетика и водни услуги продолжува со консултативните средби во однос на допрецизирање на Одобрението за градба **со поле во кое задолжително ќе се наведено енергенсот на кој ќе се грее секој нов објект што ќе се гради.**

Денеска, во РКЕ претседателот Марко Бислимоски заедно со комесарот Атанаско Тунески одржа работен состанок со Ивица Јакимовски претседателот на Градежната комора при Сојузот на стопански комори на Македонија со кого се отворија серија на прашања во однос на мапирањето на градот Скопје, како и предизвиците со кои се соочуваат градежните компании во однос на затоплувањето на објектите што се градат и употребата на калориметрите кои се задолжителни за новите објекти согласно Законот за енергетика.

Консултативната средба е најава за состанокот што ќе се одржи следната недела со членките од Градежната комора при Сојузот на стопански комори.

9.10.2020


ул. Македонија бр. 25, палата Лазар Поп-Трајков - 6ти спрат • 1000 Скопје,
Република Северна Македонија
Централа 02 3233-580 • Факс: 02 2556 004 • www.erc.org.mk • e-mail: erc@erc.org.mk